*ОПШТИНА КАРПОШ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 2. Точка 4 и Точка 5 од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 24/2020), Советот на Општина Карпош, на педесет и петата седница, одржана на 9 април 2021 година, и врз основа на Одлуката за објавување на оглас за реализација на проекти од од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2021 година бр.9-2334/23 („Службен гласник на Општина Карпош бр.7/ 2021.) Општина Карпош објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**За финансиска поддршка за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2021 година**

## I. Право на пријавување

- На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица, граѓански здруженија и невладин сектор, регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста еднакви можности на жените и мажите т.е. родова еднаквост (поддршка на жените кои останале без работа поради пандемијата од Ковид 19, поддршка на еднородителски семејства и промовирање на креативните вредности на жената), а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во Општината и пошироко).

  Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

  Финансиската проекција на проектите да биде во согласност со начинот на реализацијата на проектите.

**Критериуми за доделување финансиска поддршка се:**
- Проекти за поддршка на жените кои останале без работа поради пандемијата од Ковид – 19;
- Проекти за поддршка на еднородителски семејства;
- Проекти за промовирање на креативните вредности на жената

## II. Потребни документи и услови за учество

Заинтересираните физички и правни лица, граѓански здруженија како и НВО секторот, потребно е да ги достават следните документи:

- **За физички лица:**
  - Фотокопија од лична карта;
  - Изработен проект и
  - Финансиски план на проектот.
- **За правни лица, граѓански здруженија и невладини организации:**
  - Изработен проект;
  - Финансиски план на проектот;

- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци
- Статут и решение за регистрација на правните лица, здруженија и фондации

- Извештај за работата за претходната година
- Референтна листа за изработени проекти (искуството со проекти во локалната самоуправа ќе се смета за предност)

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите.

1. Проектот да нуди методи за подигање на свеста за влошената состојба на жените на пазарот на трудот, односно губење на работните места како последица од пандемијата со Ковид 19 и понуда на алтернативни решенија за евентуално нови работни места.
2. Проектот да нуди имплементација на практики за поддршка на еднородителски семејства, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права.
3. Подигање на свеста  за креативните способности на жената и понуди на активности низ кои ќе се поттикне нивната креативност.

## IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање

- За остварување и реализација на проекти во висина до 30.000,00 денари, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).

- За проектите чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари, кои ќе се изберат  врз основа на претходно (горeспоменатите) утврдени критериуми ќе одлучуваат тројца претставници од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности и еден претставник од општинската админитрација.

- Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2021 година “.

**VI. Рок за поднесување на документите**

Огласот временски е ограничен до 31.12.2021 година, или важи до исцрпување на предвидените финансиските средства за оваа намена.

Некомплетираните документи нема да бидат разгледувани.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Број:**
**Датум: 18.05.2021година**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев**

**Скопје**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk*